**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1346

Скопје, 1 февруари 2026 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектор:**
**Весна Илиевска-Цветановска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1346 ОД 1 ФЕВРУАРИ 2026 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛ ТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на карактеристиките на патот и околината врз бројот на сообраќајните незгоди** од **м-р Ристе Ристов**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје........7-14
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Геометриско деградирање на колосек кај железнички пруги и негово одржување** од **м-р Ивона Недевска Трајкова**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје........15-22
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Управување со ризици при реализација на проекти за тунели** од **м-р Васко Гацевски,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје........23-28
4. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Термомеханичко однесување и конструктивно проектирање на геотермално активни колови** од **м-р Гузим Ррудхани**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје........29-40
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Експериментално и аналитичко истражување на АБ-рамки со исполна од блокови од автоклавиран аериран бетон** од **м-р Валон Весели**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје........41-55
6. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Михаил Петров, Дрилон Ибраими**)........56

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Интерна ревизија** од авторите: **проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и доц. д-р Иван Дионисијев**........57-63
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Испитување на врските помеѓу климатските политики на ЕУ и пазарното вреднување на компаниите во Европа** од **м-р Симона Ковачевска-Стефанова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........64-74

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Дрилон Бајгора**)........75
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Теодора Тодоровска**)........76

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област медицина на трудот, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Драган Мијакоски, вонр. проф. д-р Сашо Столески**)........77-126
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: психијатрија и медицинска психологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Анета Спасовска Трајановска**)........127-141
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: општа хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега, пластична и

реконструктивна хирургија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Софија Пејкова**)........142-159

4. Реферат за избор на три наставници во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област гинекологија и акушерство, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Даниела Иванова Панова, доц. д-р Миле Тантуровски, доц. д-р Маја Пејковска Илиева**)........160-209
5. Реферат за избор на едно лице во насловно звање по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и нефрологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. доц. д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ**).......210-220
6. Реферат за избор на еден асистент по предметот Физиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Вангел Ристовски**)........221-224
7. Реферат за избор на еден асистент по предметот Трансфузиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Елена Ристовска**)........225-228
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Мутации во генот за теломераза и неговата експресија кај уротелните карциноми на мочниот меур** од **ас. д-р Мартина Амбарциева**, пријавена на на Медицинскиот факултет во Скопје........229-239
9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Јавноздравствено значење на заразни болести поврзани со небезбедна храна во Република Северна Македонија** од **ас. м-р д-р Рената Младеновска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........240-251

## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вибрациски спектри и термичка анализа на $Ca_2(NH_4)H_7(PO_4)_4 \cdot 2H_2O$ И $Ca_2KH_7(PO_4)_4 \cdot 2H_2O$** од **м-р Коста Најков**, пријавена на на Природно-математичкиот факултет во Скопје........252-257
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Анита Тодорова, м-р Викторија Јакимовска Покупец**)........258
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Марија Василева**)........259

## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) протетика, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Наташа Ставрева, вонр. проф. д-р Анета Мијоска**)........260-331
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Протетичка рехабилитација со индивидуално дизајнирани оклузални сплинтови кај пациенти со дијагностициран ноќен бруксизам** од **д-р Арта Арслани Беќири**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје........332-338
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Петар Јанкуловски**)........339

## ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Димитар Свирков, Викторија Малинова, Христина Младеновска - Ангелковска, Ана Стамкова, Андреа Петанова**)........340

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 2.11.12.02. – примарна преработка на дрво, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**ас. д-р Ана-Марија Стаменкоска**)......................................341-353
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: (2.11.12.04.) машини, енергетика и транспорт, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**ас. д-р Анастасија Темелкова**).......354-368
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.11.12.08 – проектирање на мебел и ентериер, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**д-р Бранко Темелковски**)................369-381

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Подобрување на оперативната флексибилност на заедниците на обновливи извори на енергија со интеграција на електрични возила и примена на иновативни тарифни системи** од м-р Бодан Велковски, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.......382-387
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Кристијан Нелковски, Митко Огненоски, Емилија Наумоска, Наталија Аризанкоска, Горан Минов, Иван Михајлов**)..........................................................................................388-389

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Етрита Хасани**)..........................................................................................................................390

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компарација на методот со суви игли (dry needling method) со класичните методи и методот на ударни (шок) бранови при лекувањето на болките во главата, вратот и рамото** од **м-р Блертон Хулај**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје..................................................................391-398

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во звањето насловен вонреден професор во наставно-научната област фармакогенетика, на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**насл. вонр. проф. д-р Дијана Плашеска-Каранфилска**)..............................................399-407

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Слободанка Караиванова, Јовица Стојковски, Елена Чекаловска-Терзиќ, Татјана Манојловска, Марија Димеска**)..........................................................................................................408

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Деспина Буцевска, Ирена Јовческа**)..........................................................................................................409

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: ловство (4.01.05.09), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**ас. д-р Кристијан Цокоски**)........................................................................410-424
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област педологија (4.01.01.01), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ - Скопје (**ас. д-р Борис Најдовски**)................................................425-439

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Современи аспекти на микрофинансирањето, со посебен осврт на социјалните аспекти, комерцијализацијата и дигитализацијата** од **м-р Борјана Стојкова**, пријавена на Економскиот институт во Скопје........................................440-449
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Дамјан Велков**).........................450

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Забедин Незири**)........................................................................................................................451

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуација на индикатори кои влијаат на унапредување на организациската безбедносна култура и безбедносна клима во здравството** од **Лидија Вељановска Кирициевска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.................................452-458

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Зоран Кожухаров**)....................................................................................................................459

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Марјан Гијовски**)....................................................................................................................460

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ЛОВСТВО (4.01.05.09) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (ФаШПЕ „Ханс ЕМ“), објавен во весниците „Нова Македонија“ (стр. 17) и „Коха“ (стр.20) на 19.12.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: ловство (4.01.05.09), со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, бр. 02-27/7, донесена на 1. (првата) редовна седница одржана на 20.1.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Малетиќ, редовен професор во пензија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, д-р Вукан Лавадиновиќ, доцент на Универзитетот во Белград, Шумарски факултет – Белград, Република Србија и д-р Никола Николов, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје.

Во согласност со член 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, овој реферат е напишан на македонски јазик, бидејќи членот на Рецензентската комисија од странскиот универзитет (Србија) го познава македонскиот јазик и тоа го потврдува/заверува со својот потпис.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област ловство (4.01.05.09) на 19.12.2025 година, во предвидениот рок се пријавил само еден кандидат, д-р Кристијан Цокоски, актуелен асистент на Катедрата за ловство при УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје.

- **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Кристијан Цокоски е роден на 13.5.1994 година во Охрид. Средно образование завршил во 2013 година во СОУ „Мирко Милески” во Кичево, при што се стекнал со квалификацијата економски техничар. Во учебната 2013/2014 година се запишал на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” во Скопје, на насоката Шумарство. На 28.6.2017 година, по јавната одбрана на дипломскиот труд со наслов: „Можности за одгледување крупен дивеч во кичевското ловностопанско подрачје“, дипломирал со среден успех 9,04 и се стекнал со звањето дипломиран инженер по шумарство. Добитник е на признанието „Инженерски прстен“ од Комората на овластени архитекти и овластени инженери во Скопје и Инженерската институција на Македонија, за постигнат најдобар просечен успех во студирањето на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (за оние кои дипломирале во академската 2016/2017 година).

Кандидатот активно го познава англискиот јазик и поседува Уверение за познавање на англиски јазик, ниво Б2, според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а пасивно ги користи српскиот и хрватскиот јазик.

На втор циклус (магистерски) студии се запишал во учебната 2017/2018 година на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” во Скопје, на научната област ловство. Постдипломските студии ги завршил во 2020 година со среден успех 9,5 и со јавната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Компаративна анализа на Законот за ловство на РС Македонија со законите за ловство на Р. Србија, Р. Хрватска, Р. Словенија и Р. Бугарија“, одржана на 17.7.2020 година, се стекнал со академско звање – магистер по шумарство.

Во 2021 година се запишал на докторски студии на Универзитетот во Нови Сад, на Земјоделскиот факултет, на насоката Агрономија. Докторските студии ги завршил со средна оценка 9,88, а дисертацијата на тема: „Дивља свиња (*Sus scrofa* L.) као биоиндикатор присуства тешких метала на подручју Републике Северна Македонија“ ја одбранил на 11.8.2025 година пред Комисија во состав: д-р Александар Божиќ (претседател), редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад при Универзитетот во Нови Сад, д-р Дејан Беуковиќ (ментор и член), доцент на Земјоделскиот факултет во Нови Сад при Универзитетот во Нови Сад, д-р Мирослава Половински-Хорватовиќ (ментор и член), виш научен соработник на Земјоделскиот факултет во Нови Сад при Универзитетот во Нови Сад, д-р Игор Јајиќ (член), редовен професор на Земјоделскиот факултет во Нови Сад при Универзитетот во Нови Сад, и Владимир Малетиќ (член), редовен професор во пензија на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор по биотехнички науки.

Од ноември 2020 година, кандидатот е вработен на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како асистент на Катедрата за ловство. Последниот реферат за избор/реизбор во звање – асистент е објавен во Билтен бр. 1288 од 15 јули 2023 година.

Кандидатот одлично се користи со современи компјутерски вештини, Microsoft office пакетот и интернет, како и Corel Draw, Photoshop и Endnote. Пасивно го користи геоинформацискиот систем QGis и статистичкиот софвер Statistica.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, односно од неговиот избор во соработничко звање – асистент (избор и реизбор, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1224 од 15 октомври 2020 година и бр. 1288 од 15 јули 2023 година), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавувањето, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

- **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, кандидатот д-р Кристијан Цокоски изведува вежби, консултации и теренска настава на прв циклус студии за предметните програми: Зооекологија и систематика на дивечот, Одгледување и заштита на дивата фауна, Ловство и Применета зооекологија, а исто така е ангажиран и на втор циклус студии за предметните програми: Ловна кинологија, етика, традиција и обичаи, Биоекологија, одгледување и заштита на дивечот и Ловно стопанисување.

Досега, освен што редовно реализира вежби по посочените предметни програми од прв и втор циклус студии, кандидатот активно учествувал и како единствен предавач/ментор на 12 обуки за африканска свинска чума кај диви свињи и ловечка биосигурност на раководителите на ловишта во Република Северна Македонија. Исто така, како предавач земал учество и на повеќедневна тренинг-работилница за африканска свинска чума кај свињите, во организација на Агенцијата за храна и ветеринарство во Скопје.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Кристијан Цокоски, како автор и коавтор, има објавено вкупно 9 научни трудови од соодветната и сродните области, од кои 2 научни труда во научни списанија со фактор на влијание, 3 труда во реномирани и индексирани меѓународни научни списанија и 4 труда во научни списанија каде што трудовите подлежат на рецензија и имаат меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Кристијан Цокоски, во последните 5 години, како автор и коавтор има објавено вкупно 6 научни труда, од кои 2 научни труда во научни списанија со фактор на влијание, 3 научни труда во реномирани и индексирани меѓународни научни списанија и 1 труд во научно списание каде што трудовите подлежат на рецензија и имаат меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатот д-р Кристијан Цокоски активно учествувал во повеќе меѓународни научни и стручни собири како автор/коавтор. Има 5 постерски презентации, 1 усна презентација и 7 апстракти објавени во зборници на меѓународни конференции.

Согласно со укажувањето на Ректоратот на УКИМ за обврската за пополнување на Ризницата на научни и уметнички трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, сите трудови во кои кандидатот д-р Кристијан Цокоски се јавува како автор, уредно се поднесени и прифатени во електронската база на трудови, односно Ризница на научни и уметнички трудови.

Д-р Кристијан Цокоски од дипломирањето до денес бил вклучен во 1 национален проект и 1 научноистражувачки проект.

Дополнително, д-р Кристијан Цокоски за потребите на Ловечката федерација на Македонија, активно одржува предавања за ловците пред да полагаат ловечки испит, како законска обврска и услов за да се стекнат со уверението за положен ловечки испит. Кандидатот до овој момент има одржано вкупно 57 предавања.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Кристијан Цокоски остварил експертски активности самостојно и како соработник во рамките на изготвување на програми за заштита, одгледување и управување со дивечот во (2) националните паркови, годишен план за заштита, одгледување и управување со дивечот во Националниот парк „Шар Планина“, годишни планови за спроведување на посебните ловностопански основи на повеќе ловишта Република Северна Македонија, како и во други експерстски активности на Катедрата за ловство.

Активно заземал учество и во промотивните активности на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Во рамките на студентски престој во странство (Реупублика Србија), присуствувал на Обука на ловци за африканска свинска чума кај дивите свињи, превентивни мерки за спречување на појава и ширење на вирусот во Република Србија.

Кандидатот бил член на организационен одбор за организирање на меѓународна конференција по повод 75 години од Универзитетот „Св Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“. Исто така учествувал во уредувачкиот и техничкиот одбор за издавање на монографија со наслов: *75 години Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“*.

Дополнително, д-р Кристијан Цокоски е член и на Уредувачкиот одбор за издавање на списанието „Ловец“, кое квартално го издава Ловечката федерација на Македонија.

Кандидатот бил член на комисии и тела на државни и други органи, државни комисии и здруженија поврзани со струката, и тоа: Стручна комисија за спроведување на ловечки испит (МЗШВ), Национален центар за контрола на болести (АХВ), Експертска група за африканска свинска чума кај свињите (АХВ) и Управен одбор на Здружението за лов и спортско рекреативен риболов „Елен” – Кичево.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупно доставената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кристијан Цокоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Кристијан Цокоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование (Сл. весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), како и според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), со што ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област ловство (4.01.05.09).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ во Скопје, д-р Кристијан Цокоски да го избере во звањето **доцент** во научната област ловство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Малетиќ, с.р.**
**Доц. д-р Вукан Лавадиновиќ, с.р.**
**Проф. д-р Никола Николов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Кристијан Радован Цокоски
**Институција:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:** ***ЛОВСТВО (4.01.05.09)***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,04.**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,5.**<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии.<br>Ловство | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: ловство (4.01.05.09); поле: земјоделство, шумарство и рибарство (4.01); подрачје: земјоделски и ветеринарни науки (4). | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>**I.**<br>1. Назив на научното списание: **South – East European Foresty (SEEFOR)**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Scopus**<br>3. Наслов на трудот: **The Wild Boar (Sus scrofa L.) as the Biomonitor of Cadmium and Lead Pollution in the Republic of North Macedonia**<br>4. Година на објава: **2023**<br>**II.** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: **Journal of the Forestry Society of Croatia (Šumarski list)**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Scopus**<br>3. Наслов на трудот: **The levels of mercury (Hg) and arsenic (As) in wild boar's liver (Sus scrofa) in eleven hunting areas from the Republic of North Macedonia**<br>4. Година на објава: **2024**<br>**III.**<br>1. Назив на научното списание: **Contemporary Agriculture**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **Occurrence of Heavy Metals (Cd, Pb, As, Hg) in the Liver of Wild Boars in the Republic of North Macedonia**<br>4. Година на објава: **2024**<br>**IV.**<br>1. Назив на научното списание: **Contemporary Agriculture**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **Forest Regeneration and Tree Damage – How to Assess the impact of Wild Ungulates?**<br>4. Година на објава: **2025**<br>**V.**<br>1. Назив на научното списание: **Acta Agriculturae Serbica**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **Long-term monitoring of deoxynivalenol in Serbian maize: A 2010–2023 study**<br>4. Година на објава: **2025** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>**I**<br>1. Назив на научното списание: **Topola/Poplar**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупен број членови (30), 9 земји, Србија (20), Словенија (2), Америка (2), Германија (1), Унгарија (1), Грција (1), Бугарија (1), Чешка (1), Босна и Херцеговија (1).<br>3. Наслов на трудот: **Abiotic factors impact on soil respiration**<br>4. Година на објава: 2025 | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | / |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | / |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>5. Назив на зборникот: _______<br>6. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>7. Имиња на земјите: _________<br>8. Наслов на трудот: _____________<br>9. Година на објава: _____________ | / |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | / |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>13. Странски јазик: **англиски**<br>14. Назив на документот: **уверение**<br>15. Издавач на документот: Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>16. Датум на издавање на документот: 26.9.2025 година | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од прпвиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Малетиќ, с.р.**
**Доц. д-р Вукан Лавадиновиќ, с.р.**
**Проф. д-р Никола Николов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: КРИСТИЈАН РАДОВАН ЦОКОСКИ**
**Институција: УКИМ, ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИГ „ХАНС ЕМ“ – СКОПЈЕ**
**Научна област: (4) ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ВЕТЕРИНАРНИ НАУКИ, (4.01.) ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО, (4.01.05) ШУМАРСТВО, (4.01.05.09) ЛОВСТВО.**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Зооекологија и систематика на дивечот (3+2), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2021/2022 г. | 0.90 |
| 2 | Одгледување и заштита на дивата фауна (2+1), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2021/2022 г. | 0.45 |
| 3 | Ловство (3+2), **прв циклус – вежби, летен** семестар 2021/2022 г. | 0.90 |
| 4 | Применета зооекологија (2+1), **прв циклус – вежби**, летен семестар 2021/2022 г. | 0.45 |
| 5 | Зооекологија и систематика на дивечот (3+2), **прв циклус-вежби**, **зимски** семестар 2022/2023 г. | 0.90 |
| 6 | Одгледување и заштита на дивата фауна (2+1), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2022/2023 г. | 0.45 |
| 7 | Ловство (3+2), **прв циклус – вежби, летен** семестар 2022/2023 г. | 0.90 |
| 8 | Применета зооекологија (2+1), **прв циклус-вежби**, **летен** семестар 2022/2023 г. | 0.45 |
| 9 | Зооекологија и систематика на дивечот (3+2), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2023/2024 г. | 0.90 |
| 10 | Одгледување и заштита на дивата фауна (2+1), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2023/2024 г. | 0.45 |
| 11 | Ловство (3+2), **прв циклус – вежби, летен** семестар 2023/2024 г. | 0.90 |
| 12 | Применета зооекологија (2+1), **прв циклус – вежби**, **летен** семестар 2023/2024 г. | 0.45 |
| 13 | Зооекологија и систематика на дивечот (3+2), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2024/2025 г. | 0.90 |
| 14 | Одгледување и заштита на дивата фауна (2+1), **прв циклус – вежби**, **зимски** семестар 2024/2025 г | 0.45 |
| 15 | Ловство (3+2), **прв циклус – вежби, летен** семестар 2024/2025 г. | 0.90 |
| 16 | Применета зооекологија (2+1), **прв циклус – вежби**, **летен** семестар 2024/2025 г. | 0.45 |
